АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 02-02-1294/11
03.10. 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 ст. 1 т.50 од Статутот на Црвениот крст на Република Северна Македонија, на седницата на Раководниот одбор одржана на ден 29.09.2023 година, се усвои следната

**ПОЛИТИКА**

**ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНА СРЕДИНА ЗА ДЕЦА**

## Дефиниции

**Возрасен** е секој човек на возраст од 18 години и повеќе.

**Најдобар интерес на детето** е принцип со кој се внимава на добросостојбата на детето во најширока смисла. Добросостојбата се утврдува преку различни поединечни околности (родот, возраста, степеност на зрелост и досегашни искуства) но и други фактори (како што се присуство или отсуство на родителите, квалитетот на односот помеѓу детето и семејството/старателот и други ризици или можности).

Постојат три аспекти на концептот за најдобар интерес на детето.

- Најдобриот интерес на детето е основно право на детето: децата имаат право да биде утврдено кој е нивниот најдобар интерес и неговото исполнување да биде примарна цел;
- Правен принцип: доколку одредена законска одредба може да се толкува на повеќе начини, ќе се земе како точно она толкување кое најефективно влијае на исполнување на најдобриот интерес на детето;
- Правило на постапката: доколку одредена одлука се однесува на или го погодува и детето, одредена група на деца или децата како целина, процесот на носење на таква одлука мора (1) да вклучи процена на можното влијание на детето/децата, и (2) да покаже на кој начин е проценет најдобриот интерес на детето кој понатаму бил земен предвид како клучна околност при носењето на одлуката.

**Дете** е секој човек кој нема навршено 18 години.

**Злоупотреба на дете** е секој чин со фактичко или возможно негативно влијание врз безбедноста, добросостојбата, достоинството и развојот на детето.Станува збор за чин извршен со намера кој се случува во контекст на однос на одговорност, доверба или моќ.

- Емоционална или психичка злоупотреба е кога лицето кому детето е доверено на грижа се однесува на начини кои имаат штетно влијание врз емоционалното здравје и развојот на детето. Како примери за такви дејствија можеме да ги издвоиме ограничувањето на движење на детето, омаловажување, исмевање, закани и заплашување, дискриминација, одбивање и други нефизички форми на непријателско однесување со кои детето се лишува од соодветна и поддржувачка средина во која би можело да се развива и напредува. Сите овие претставуваат дејствија кои можат да предизвикаат психолошки и социјални прооблеми во развојот на детето;
- Физичка злоупотреба го опфаќа користењето на физичка сила од страна на лицето задолжено да се грижи за детето, со цел да се предизвика физичка повреда или страдање или страв од истото;
- Сексуална злоупотреба е кога лицето кому детето е доверено за грижа го вклучува детето во сексуални активности кои детето не ги разбира или нецелосно ги разбира, поради што не е во можност да даде информирана согласност, или за кои детето не е сè уште доволно развиено, или на друг начин ги прекршува законите или општествените табуа на заедницата.

**Експлоатација на дете** настанува кога лицето кое е во позиција на моќ и/или доверба се обидува да го искористи детето за своја лична корист, предност, задоволство или профит. Личната корист може да се јави во различни форми: физичка, психичка, сексуална, финансиска, материјална, општествена, воена или политичка. Експлоатацијата може да вклучи одреден надомест во пари или услуги (на пример: општествен статус, политичка моќ, документи, слобода на движење или пристап до можности, добра или услуги) на детето или на трети лица поврзани со детето.

Експлоатацијата на дете може да се подели во три категории, и тоа:

- Економска експлоатација – ропство и активности налик на ропство; должничко ропство или договорно слугување.

- Штетна или ризична работа – работа која поради возраста на детето или природата на работата се смета за неповолна за било кој аспект од добросостојбата на детето, особено за здравјето или физичкиот, интелектуалниот, духовниот, моралниот или општествениот развој. Тука се вклучува користењето на деца за противзаконско производство и трговија со наркотоици и психотропни супстанци и поврзување на деца со вооружени сили и вооружени групи.

- Сексуална експлоатација – детска проституција, трговија или продажба на деца за сексуални услуги (вклучително и присилен

брак), детска порнографија и одгледување за сексуални цели, вклучително и онлајн.

**Занемарување на дете** се однесува на пропустот на лицето кому детето е доверено на грижа да го заштити детето од постоечки или можни штетни влијанија или повреда, или пропуст да ги оствари правата на детето на преживување, развој и добросостојба.

Однесувањето на лицето кому детето е доверено на грижа ќе се смета за занемарувачко без оглед на тоа дали лицето тоа го сторило со или без намера да му наштети на детето.

Одреден штетен настан ќе биде третиран како занемарување од страна на лицето кому детето е доверено во овие случаи:

а) Лицето кому детето е доверено на грижа ги поседува способностите, финансиските капацитети и знаење да одговрои на потребите на детето, или

b) Доколку лицето кому детето е доверено на грижа не ги поседува способностите, финансиските капацитети и знаење да одговрои на потребите на детето, а не презема никакви чекори да побара помош за да го заштити детето.

**Детски брак** е формална или неформална заедница каде едниот или двајцата партнери се помлади од 18 години без оглед на обичаите на групите на кои припаѓаат или без оглед на законите во земјите каде живеат или ќе живеат во иднина. Сите детски бракови се третираат како приилни бракови бидејќи децата не се во можност да дадат информирана согласност за брак.

**Учество на дете** се однесува на користење на правото на детето да го искаже својот став, да даде свое информирано мислење, да влијае на процесот на донесување одлуки и да постигне промена. Учеството подразбира информирано и прифатено учество од страна на децата, со вклучување на најмаргинализираните деца и деца без оглед на возраста, родот или попреченоста, за прашања кои ги засегаат лично нив.

**Заштита на детето** се однесува на превенција и одговор на настаната злоупотреба, занемарување, експлоатација и насилство врз деца.

**Обезбедување на безбедна средина за деца** е широката обврска на ЦКРСМ, неговите вработени, партнери, добаввувачи и ангажирани лица да обезбедат дека програмите кои ги креираат иимплементираат се во најдобар интерес на детето, не ги изложуваат децата на штетни влијанија, вклучувајќи го ризикот од насилство, злоупотреба, експлоатација или занемарување, како и дека било која загриженост за безбедноста на

децата во рамки на заедниците каде што работат ќе биде навремено изразена и навремено третирана.

**Ангажирано лице** е секое лице или организација со која ЦКРСМ или било која од организациските единици на ЦКРСМ има склучено одреден договор за соработка и/или услуги, вклучувајќи ги консултантите и партнерските организации.

**Интегритет** е нивото до кое ЦКРСМ има волја и моќ да работи на остварување на прифатените цели, политики и стандарди во целосна согласност со Основните принципи на Движењето

**Партнер** е секоја организација со која ЦКРСМ или било која од организациските единици спроведуваат заедничка активност или на која ЦКРСМ или било која од организациските единици на ЦКРСМ им обезбедуваат средства или услови за продолжување со работа.

**Персонал** е секое лице кое спроведува активности за ЦКРСМ или било која од нејзините организациски единици, вклучувајќи ги: вработените на неопределено, определено и скратено работно време, лицата ангажирани врз основа на друг тип на договор, волонтери, практиканти и консултанти.

**Програма** се однесува на долгорочно програмирање, подготвеност и одговор во итни ситуации како и ситуации за опоравување од итни ситуации.

**Пристап фокусиран на преживеани** е пристап кој креира средина на поддршка во која се почитуваат правата и потребите на преживеаното лице, се гарантира неговата безбедност и лицето се третира со достоинство и почит. Пристапот фокусиран на преживеан ги има следниве водечки принципи:

-Безбедност: Безбедноста и сигурноста на преживеаното лице и неговите/нејзините деца е клучен приоритет.

-Доверливост: Преживеаните лица имаат право да одлучат кому ќе се доверат а кому не; секоја информација може да се сподели само со информирана согласност од страна на преживеаното лице.

-Почит: Сите дејствија кои се преземаат треба да бидат водени со почитување на нивните избори, желби, права и достоинство. Улогата на лицето кое помага е да го олесни процесот на опоравување и да обезбеди средства за помош на преживеаното лице.

-Недискриминација: Преживеаните лица ќе добијат еднаков и фер третман без оглед на нивната возраст, род, боја на кожа, религија, националност, етничка припадност, сексуална ориентација или било која друга карактеристика.

**Насилство врз деца** ги опфаќа сите дејствија кои вклучуваат намерно користење на моќта на вербална или физичка сила, без оглед дали навистина се случила или е само закана, врз дете или врз група на деца кое резултирало или има голема веројатност дека ќе резултира со постоечко или можно штетно влијание врз детето или здравјето, преживувањето, развојот или достоинството на детето. Меѓу формите на штетни дејствија врз деца се вбројуваат повредување; смрт; попреченост, намалено психичко, психосоцијално или ментално здравје или недоразвиеност.

**Работа со деца** ја опфаќа работата на претставници на ЦКРСМ и/или неговите организациски единици, вклучувајќи вработени, лица ангажирани врз основа на други договори, волонтери, практиканти, со деца, каде што контактот со дете би можел да се смета како нормален дел од активноста и контактот е предвиден со самата активност.

## ВОВЕД

Како хуманитарна организација, ЦКРСМ прифаќа дека сите деца имаат право на заштита од насилство, злоупотреба, експлоатација и занемарување, согласно наведеното во Конвенцијата за правата на детето.

ЦКРСМ има за цел да обезбеди дека принципот на најдобар интерес на детето, утврден во Конвенцијата за правата на детето е водечки принцип при носење на одлуки кои го засегаат детето. Ваквиот принцип се користи за сите деца без оглед на националноста, мигрантскиот статус, попреченоста, општествената средина од која доаѓа, родот, сексуалната ориентација, религиските или политичките убедувања, социо-економскиот статус, семејството, историјата на кривични дела, физичко или ментално здравје или други фактори.

ЦКРСМ прифаќа дека децата имаат зголемена ранливост на насилство, злоупотреба, експлоатација и занемарување заради тоа што се зависни од други и немаат еднаква моќ со возрасните. Дополнително на ова, децата можат да имаат и други,конкретни потреби поврзани со нивната возраст, род, попреченост и други фактори.

### Цел и опсег

- Целта на оваа Политика е да обезбеди рамка со која ќе се гарантира дека програмите кои се спроведуваат во рамки на ЦКРСМ се креираат и спроведуваат со вклучување на принципот на најдобар

интерес на детето. На овој начин ќе се обезбеди гаранција дека при спроведување на програмите, децата ќе бидат заштитени од сите форми на насилство, злоупотреба, експлоатација и занемарување, односно дека програмите ќе содржат превентивни мерки и ќе предвидуваат одговорност за следење и спроведување на истите.
Оваа Политика се применува во рамките на ЦКРСМ и неговите организациски единици. Се однесува на сите вклучувајќи вработени, лица ангажирани врз основа на други договори, волонтери, практиканти.

- Оваа Политика исто така ги дефинира и очекувањата од партнерите, ангажираните лица, добавувачите и други даватели на услуги кога станува збор за обезбедување на безбедна средина за деца и известување за евентуални сомнежи за насилство, злоупотреба, експлоатација и занемарување на децата во сите програми кои се поврзани со ЦКРСМ.

**Водечки принципи**

ЦКРСМ ќе ги исполнува заложбите од оваа Политика преку унапредување на своите капацитети, инвестирање во ресурси и овозможување на учење при работа. ЦКРСМ ќе обезбеди ревидирање и дополнување на постоечките политики и процеси кои треба да ги вклучат водечките принципи од оваа Политика.

При креирањето на политики и процеси кои се однесуваат или кои можат да имаат влијание врз деца, ЦКРСМ и организационите единици ќе се водат по следниве водечки принципи:

**1. Нула толеранција за насилство, злоупотреба, експлоатација и занемарување на деца**

ЦКРСМ го користи пристапот на нула толеранција кон насилство, злоупотребеа, експлоатација и занемарување на деца.

**2. Препознавање на најдобриот интерес на детето**

Во сите политики и процеси кои се однесуваат или можат да имаат влијание врз деца, ЦКРСМ и организационите единици ќе ги почитуваат правата на детето и особено ќе го третираат најдобриот интерес на детето како основна појдовна точка.

**3. Вклучување на деца во носење одлуки кои ги засегаат**

ЦКРСМ и организационите единици, онаму каде е возможно, ќе обезбедат можност за вклучување на деца во процесот на носење на одлуки кои ги засегаат директно нив.

### Пристапност, процена на ризик кон деца и влијание

Иако е невозможно целосно да се елиминира ризикот од насилство, злоупотреба, експлоатација и занемарување на деца, со соодветно планирање и следење може да се идентификуваат, ублажат и намалат ваквите ризици во програмите на ЦКРСМ и организационите единици. ЦКРСМ ќе ги преземе сите мерки да креира системи и средина во која децата се безбедни.

### Одговорност за обезбедување на безбедна средина за деца во сите сфери на НД

Заради ефикасно управување со ризиците кон деца, неопходно е целокупниот персонал на ЦКРСМ и организационите единици да имаат обврска за обезбедување на безбедна средина за деца.

### Обезбедување на фер постапка

Секој сомнеж за повреда на одредбите од оваа Политика ќе биде веднаш проценет со цел да се утврди дали таквото сомнение е основано и има потреба од истрага. Доколку е основано, тогаш се поведува дисциплинска постапка во согласност со одредбите од Законот за работните односи и Правилата за работните односи на Црвениот крст на РСМ. Во текот на постапката, ЦКРСМ ќе користи пристап фокусиран на преживеаните за да обезбеди безбедност, доверливост, почит и недискриминација на децата, и онаму каде што е разумно, да ги почитува нивните желби.

## ДЕЈСТВИЈА КОИ ЌЕ ГИ ПРЕЗЕМЕ ЦКРСМ

Водејќи се по водечките принципи, ЦКРСМ заложбите за безбедна средина за деца ќе ги спроведува преку следниве мерки:

1) **Подигање на свест:** ЦКРСМ ќе обезбеди дека целокупниот персонал, партнерите, добавувачите и лицата ангажирани со други договори се запознаени со ризиците од насилство, злоупотреба, експлоатација и занемарување на деца, со важечките закони и со нивните одговор4ности и обврски повразани со заштита на децата, вклучувајќи и - како да се однесуваат со деца и како да постапат во случај на сомнение поврзано со безбедноста на детето.

   Од овие причини, оваа Политика треба да биде достапна до сите овие лица и ЦКРСМ ќе обезбеди дека се запознаени со содржината преку користење на различни пристапи, како што се кратки сесии, онлајн сесии и интегрирање во програмските алатки и програмите.

2) **Превенција:** ЦКРСМ изјавува дека свесно нема да ангажира ниту едно лице кое директно или инидиректно претставува ризик за деца. ЦКРСМ особено ќе преземе мерки за персоналот, партнерите, добавувачите и лицата ангажирани со други договори а кои имаат контакт со деца. Овие мерки опфаќаат системска проверка со претходни работодавачи за да се исклучи опасноста од ангажирање на лица кои се закана за деца, писмена изјава од лицето дека во минатото немаат сторено штетни дејствија врз деца, како и подигање на свеста помеѓу вработените за обврските и одговорностите за креирање на безбедна средина за деца.

   ЦКРСМ ќе ги вклучува децата во сите процеси на носење одлуки и политики кои ги засегаат во најголема можна мерка. Тоа значи дека децата ќе бидат вклучени во процесот на консултации и низ механизмите за добивање на повратни реакции. На овој начин ќе се овозможи креирање на пристап прилагоден на деца, односно пристап кој е лесно разбирлив и достапен за деца.

   **Известување:** ЦКРСМ ќе обезбеди дека персоналот и партнерите е подготвен за пријавување на сомнение во случај на насилство, злоупотреба, експлоатација или занемарување од страна на персоналот на ЦКРСМ, преку обезбедување на информации и запознавање со механизмот за пријавување, како и дека персоналот и партнерите се целосно запознаени со чекорите кои треба да ги преземат во случај на сомнение дека постои насилство, злоупотреба, експлоатација или занемарување на деца.

3) **Одговор:** ЦКРСМ гарантира соодветно постапување заради поддршка и заштита на децата во случај на сомнение за насилство, злоупотреба, експлоатација или занемарување. Ова вклучува ефективно спроведување на постапки, соодветна поддршка на децата -жртви и лична одговорност за сторителите.

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОЛИТИКАТА ВО ОДНОС НА ПАРТНЕРИ И ЛИЦА АНГАЖИРАНИ СО ДРУГИ ДОГОВОРИ

ЦКРСМ очекува дека партнерите и лицата ангажирани со други договори:

- Формално ќе ги прифатат и ќе се придржуваат кон водечките принципи од оваа Политика;

- Веднаш ќе го известат одговорното лице во ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК доколку вработен од овие лица е осомничен, обвинет, осуден, уапсен или обвинет за кривични дела поврзани со насилство, злоупотреба, експлоатација или занемарување на деца, и

- Ќе се согласат дека договорот со ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК може веднаш да биде прекинат во случај на повреда на погоре наведените услови или доколку се сознае дека партнерите, односно лицата ангажирани со други договори не преземале соодветни чекори кога дознале за сторената повреда на водечките принципи во најкус можен рок.

Овие обврски и услови ќе бидат вклучени во сите идни договори со партнерите и лицата ангажирани со други договори.

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОЛИТИКАТА ВО ОДНОС НА ДОБАВУВАЧИ

ЦКРСМ очекува дека добавувачите и давателите на други услуги:

- Во моментов не се осудени со правосилна пресуда за измама, корупција, вклученост во криминална организација или друга противзаконска активност;
- Гарантираат почитување на човековите права и не се вклучени во злоупотреба на човековите права, вклучително насилство врз деца;
- Не експлоатираат детска работна сила и присилна работа и ги почитуваат основните социјални права и условите за работа во Република Северна Македонија. Добавувачите мораат да ги почитуваат домашните и меѓународните стандарди за штетна, експлоатативна и опасна работа која вклучува деца при вработување. Доколку домашните стандарди се разликуваат од меѓународните, добавувачите ќе се водат според стандардите кои обезбедуваат поголема заштита за децата.

Доколку добавувачите и давателите на други услуги не ги почитуваат овие услови, ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК имаат право да го раскинат договорот без отказен рок.

## ПРИЈАВУВАЊЕ НА СОМНЕНИЕ

### 1. Пријавување преку лица задолжени за постапување во случаи на ризик од насилство, злоупотреба, експлоатација и занемарување на деца

ЦКРСМ, ЦКГС и ООЦК се должни да назначат лице од редот на своите вработени кое ќе биде задолжено за прием, процена и постапување по пријави за ризик од насилство, злоупотреба, експлоатација и занемарување на деца. ЦКРСМ, ЦКГС и ООЦК ќе ги објават овластените лица на огласна табла, со цел информирање на вработените.

Лицата кои ја сподеулуваат информацијата, имаат право да одберат:

- Информацијата да ја дадат усно на записник;
- Информацијата да ја дадат во писмена форма по свој избор (рачно, електронски – меил, порака итн), или
- Информацијата да ја дадат во доверба и со заштитен идентитет.

Доколку лицето што ја споделува информацијата не чувствува доверба во назначеното лице во својата деловна единица, има право пријавата да ја поднесе до назначеното лице во повисоките инстанци (ООЦК од Скопје до ЦКГС, а сите други ООЦК и ЦКГС до ЦКРСМ).

## 2. Пријавување преку раководни и управувачки структури

Доколку лицето не е во можност да стапи во контакт со лицето од точка 1 од оваа глава, особено доколку станува збор за волонтер, ангажирано лице или трета страна, може својата пријава да ја поднесе до претседателот или секретарот на ООЦК/ЦКГС/ЦКРСМ.

Лицата кои ја сподеулуваат информацијата, имаат право да одберат:

- Информацијата да ја дадат усно на записник;
- Информацијата да ја дадат во писмена форма по свој избор (рачно, електронски – меил, порака итн), или
- Информацијата да ја дадат во доверба и со заштитен идентитет.

## 3. Пријавување преку е-платформа

По сопствена оцена, лицето кое ја споделува информацијата може да одлучи истото да го стори преку користење на е-платформата.

Користењето на е-плафтормата е бесплатно и достапно за сите лица, а може да се користи и за поднесување на анонимни пријави.

По овие пријави, постапуваат лицата од точка 1 од оваа глава.

## Заштита на лицата кои пријавуваат

ЦКРСМ се обврзува да ги заштити лицата кои пријавуваат сомнеж за постоење на повреда на оваа Политика од било која форма на омраза,

согласно Политиката за заштита на укажувачи. Сите пријави или загрижености ќе се документираат како доверливи и ќе се третираат сериозно, со грижа, дискерција и во утврден временски рок, по што ќе бидат целосно уништени. Било која информација споделена во врска со навод за повреда на оваа Политика ќе се третира со доверливост од страна на сите лица назначени за прием и обработка на пријави.

## Вмрежување заради остварување на целите на Политиката

ЦКРСМ ќе вложи во градење на систем преку кој ќе се остваруваат целите на Политиката, преку вклучување на соодветни лица, обезбедување на обуки и јакнење на капацитети, како и креирање на алатки кои ќе овозможат функционирање на системот и процесите во истиот.

ЦКРСМ ќе ја зајакне соработката со релевантите партнери и по потреба одговорни институции за да обезбеди дека го штити најдобриот интерес на детето на најкорисен, навремен и соодветен начин.

ЦКРСМ соработува и со други меѓународни, меѓувладини и невладини органзиации, вклучувајќи и други национални друштва на Црвен крст/Црвена полумесечина, Меѓународната федерација на друшштвата на ЦК/ЦП, Меѓународен комитет на Црвен крст, со цел ревидирање на имплементацијата на политиката и влијанието на колективните напори за обезбедување на безбедна средина за деца.

## Одговорност

Одговорноста за промоција и за спроведување на оваа Политика меѓу вработените и волонтерите е на лицата задолжени за постапување во случаи на ризик од насилство, злоупотреба, експлоатација и занемарување на деца.

Генералниот секретар, Секретарот на ЦКГС и секретарите на секоја ООЦК, секој во рамките на својата организациска единица, се одговорни за обезбедување на соодветните ресурси за спроведување на Политиката и за градење на капацитетите на персоналот и волонтерите за постапување во согласност со најдобриот интерес на детето. Овие лица се одговорни за запознавање на надворешните лица – партнери, добавувачи и други вршители на услуги – со Политиката и нејзиното значење.

Секое вработено лице, лице ангажирано врз основа на друг договор и волонтер е должно да се придржува на оваа политика.

**Мониторинг и евалуација**

Раководството и управата на ЦКРСМ ќе го следат напредокот во имплементација на оваа политика на годишно ниво со поддршка на лицето задолжено за постапување во случаи на ризик од насилство, злоупотреба, експлоатација и занемарување на деца во ЦКРСМ.

Лицата задолжени за постапување во случаи на ризик од насилство, злоупотреба, експлоатација и занемарување на деца се должни да водат соодветна евиденција за бројот на пријави и преглед на докажани случаи заедно со нивната разврска, и за истата да го известуваат лицето задолжено за постапување во случаи на ризик од насилство, злоупотреба, експлоатација и занемарување на деца во ЦКРСМ најмалку на еднаш на годишно ниво.

Лицето задолжено за постапување во случаи на ризик од насилство, злоупотреба, експлоатација и занемарување на деца во ЦКРСМ е должно да направи целосна пресметка на бројот на поднесени пријави и преглед на докажани случаи во рамки на организационата единица ЦКРСМ но и во рамки на целото НД. Лицето задолжено за постапување во случаи на ризик од насилство, злоупотреба, експлоатација и занемарување на деца во ЦКРСМ доставува годишен извештај за бројот на поднесени пријави и преглед на докажани случаи, како и одговорот од властите за нивно решавање.

Евалуација на примената на оваа Политика ќе се спроведува на секои три години од нејзиното донесување.

**Претседател**

**проф.д-р Ромел Велев**

ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ •